ЗАПИСНИК
од 4-та седница на Комитет на совети при ЗЕЛС
Скопје 13 февруари, 2025 г.

Присутни:Трајко Славески, претседател на Совет на Град Скопје, Гоце Попов, претседател на Совет на Општина Делчево, Светлана Колариќ, претседателка на Совет на Општина Кисела Вода и Даниел Јаневски, претседател на совет на Општина Велес.

Седницата на Комитетот на совети при ЗЕЛС го имаше следниов дневен ред:

ДНЕВЕН РЕД

1. **Разгледување и дискусија по предлог-насоките од ЗЕЛС за можни измени во Законот за локална самоуправа;**
2. **Предлози за можни измени со кои ќе се уреди улогата на советите на општините и предлози за законски измени за надминување на предизвиците во работата на советите во општините;**
3. **Разно.**

По утврдување на бројот на присутност на членовите на Комитетот на Совети на 4-та седница се констатираше да секој од присутните да даде свое видување по првата точка од дневниот ред, а потоа и да даде конкретни предлози кои би произлегле од нивното досегашно искуство како претседатели на совети во општините од кои доаѓаат.

Сите присутни се согласија дека улогата на советите треба да се издигне и да се предложат решенија со кои ќе се доуреди соработката помеѓу советот и градоначалникот како со професионална административна поддршка од општината, така и со почитување на одлуките на советот од страна на градоначалникот. Се контактираше дека во некои општини има коректна соработка на ниво градоначалник-совет, додека пак има и единици на локална самоуправа каде овој однос е нарушен, а сето тоа влијае на развојот на општината и условите за живот на граѓаните кои се во надлежноста на локалната самоуправа. Во таа насока беа дадени и некои предлози кои може да ги надминат овие негативни пракси во општините и да се издигне нивото на советот како кај градоначалникот и општинската администрација, така и кај граѓаните.

Претседателот на Совет на Град Скопје, Трајко Славески даде свои видувања за надминување на предизвиците во (не) соработката на совет со градоначалник и предложи да се разгледаат моделите на избор на совет како во Србија, САД или Малта каде советот го избира градоначалникот или градоначалникот е од редот на советниците, на што присутните сметаат дека не е поволен моментот за менување на тој модел на избор и дека треба тоа да се уредува со други закони. Со цел подобрување на улогата на советот Славески предложи и советот да

биде како посебно правно лице на општината за што исто така имаше воздржаност кај присутните.

Претседателот на Општина Делчево, Гоце Попов искажа револт од нефункционалноста и несоработката на совет, односно претседател на совет и градоначалник во неговата општина и смета дека треба да се најдат решенија со кои градоначалникот нема да може да влијае на општинската администрација да ја бојкотира работата на советот на општината. Исто така укажа на потребата од дефинирање на обврските на градоначалникот за учество на седници на советот особено при донесување на буџет како и поднесување на извештаи за работа пред советот на општината. Тој исто така предложи оваа функција или да се професионализира или претседателот на советот да има обврска да одвојува по 2-3 часа во денот во работната недела за извршување на обврски од делокругот на советот во општината. Во таа насока ќе биде потребно и да има неколку административни службеници кои ќе работат за поддршка на советот.

Претседателката на Совет на Општина Кисела Вода даде свои видувања по предлог-насоките од ЗЕЛС за можни измени во Законот за локална самоуправа изразувајќи согласност за некои од нив, како што е уредување на Форумот на заедница како инструмент на граѓанско учество. Смета дека не треба да се воведува референдум за укинување на советник ниту пак да се укинат патни и дневни трошоци. Се согласува дека децентрализацијата на надлежностите да продолжи соодветно финансиски поддржано следејќи ги принципите на Европската повелба на локални власти. Таа предложи и да се уредат и некои други области кои не се опфатени со актуелниот Закон за локална самоуправа како развој на населби и домување, гробишта за миленичиња. Исто така предложи да се засили казнената политика за неизвршување на обврските кај градоначалник или претседател на совет, со подигнување на ингеренциите на инспекциските служби на централно ниво.

Претседателот на Општина Велес, Даниел Јаневски изрази поддршка на предлозите од колегите нагласувајќи ја важноста од уредување на односите градоначалник-претседател на совет за успешно извршување на надлежностите на општините.

Претседателот на Комитетот на Совети, Славески предложи да се побара мислење и од останатите членови кои не беа присутни на седницата од оправдани причини и после тоа да се формираат препораки кои би произлегле од ова тело и да бидат предадени на разгледување до УО на ЗЕЛС.

.

Скопје, 13 февруари 2025 година

Комитет на Совети при ЗЕЛС

Претседател

Трајко Славески